# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

| | |
|---|---|
| ”Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”<br>Излегува по потреба | 7 Мај .2007 год.<br>Скопје<br>Бр. 4 Год. II |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

Скопје, Мај 2007 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште и комунална такса**

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште и комунална такса , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и осмата Седница , одржана на ден 25.04.2007 година.

**Број 08-977/1**
**од 27.04.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров" ("Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.05/06),Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-та седница, одржана на 25.04.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште и комунална такса**

**Член 1**

Градителот на објектот “Спортски Сали и помошни објекти во спортски терени”-Влада на Република Македонија преку Агенцијата за млади и спорт,се ослободува од обврската за плаќање надоместок за уредување на градежното земјиште за делот од 40% што припаѓа на Општина Ѓорче Петров за изградба на :

- Спортска сала во Гимназија Кочо Рацин, КП 475/45, КО Ѓорче Петров
РМ -Гимназија Кочо Рацин ;
- Помошни објекти во спортските терени во населба Хром - локација
КП 742/1,КО Оризари - РМ;

**Член 2**

Градителот од член 1 на оваа одлука се ослободува од обврската за плаќање на комуналната такса за селското подрачје за изградба на:

-Спортска сала во Основно Училиште Тихомир Милошевски, КП 312/1 и
КП 312/2, КО Ново Село - РМ-имот на ОУ Тихомир Милошевски;
- Помошни објекти во спортските терени во МЗ Ново Село, КП 90, КО Ново Село-РМ.

**Член 3**

Средствата од член 1 на оваа Одлука претставуваат учество на Општината Ѓорче Петров во изградбата на Спортските Сали и Помошните објекти во спортските терени на територијата на Општината.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров”.

**Број 07-889/3**
**од 25.04.2007 год.**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за измени и дополнување на Одлуката за организација,делокруг и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за организација,делокруг и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и осмата Седница , одржана на ден 25.04.2007 година.

**Број 08-977/2**
**од 27.04.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/2006) и член 5, 6, 7, 8, 9 и 17 од Законот за измени и дополнувања на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр. 22/2007), Советот на Општина Ѓорче Петров на 48-та седница, одржана на ден 25.04.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација во Општина Ѓорче Петров бр. 07-1309/3 од 22.07.2005 (Службен Гласник на Град Скопје бр. 9/2005) на следниот начин:

**Член 2**

Член 4 од Одлуката во целост се брише.

**Член 3**

Во член 5 точка 1 се додава алинеја 5 која гласи:
- Одделение за внатрешна ревизија

Точка 2 од истиот член во целост се брише.

**Член 4**

Член 19 се менува и гласи:

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

- Врши внатрешна ревизија согласно со Закон и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од Општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење од внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии.
- Подготвува годишен план за внатрешна ревизија и по одобрување од Градоначалникот на Општината го обезбедува неговото спроведување и следење.
- Доставува извештаи за извршената внатрешна ревизија до Градоначалникот и преку Градоначалникот до Советот на Општината.
- Подготвува квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија.
- Врши оценување на значајни фактори на ризик и давање совети на Градоначалникот на Општината за намалување на факторите на ризик.
- Врз основа на анализи од работењето, ја утврдува и оценува економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето по системите за финансиско управување и контрола, и дава препораки за подобрување на работењето во Општинската администрација.

- Ја следи и проверува точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиски извештаи.

- Ја утврдува и оценува усогласеноста на работењето со законите, подзаконските и актите на органите на Општината.

**Член 5**

Член 23 од Одлуката се менува и гласи:

- Одделението за внатрешна ревизија директно одговара пред Градоначалникот и е независно во планирањето, спроведувањето и известувањето за внатрешните ревизии.

**Член 6**

Се врши измена на редниот број на членовите во Одлуката, така што член 5 станува член 4 и сите останати членови редоследно се менуваат.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-889/3**
**од 25.04.2007 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

# Содржина

## Општина Ѓорче Петров

1. **Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште и комунална такса . . . . . . стр.2**

2. **Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација во ОпштинаЃорче Петров . . . . . . стр.4**

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи
и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци